*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

---

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности точка 2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 25/2022, 10/2023), Решението од комисија за Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение со број 11-1167/1 од 13.02.2023 година и Одлуката за објавување на Оглас за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение со број 11-5962/2 од 17.08.2023 година**,** Градоначалникот објавува:

# ОГЛАС
## за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение за 2023/24 година

### I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење),
- Потврда од училиштето дека спортистот е ученик во VIII или IX одделение.

### II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичната национална спортска федерација и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2022 година до 31.08.2023 година:

- државно првенство, освоено индивидуално I место (3 бода);
- државно првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);
- репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кого бил натпреварот (да се достави копија од записник или друг доказ од натпреварот), (3 бода);
- награда за индивидуални постигнување на државно првенство или постигнување на рекорд (3 бода);

Останати успеси и резултати, нема да се земат предвид.

### III. Потребни документи

- Биографија на спортистот,
- Потврда од клуб дека е нивен член (фотокопија од спортска легитимација)
- Важечки документ (потврда) издадена од матичната национална федерација за спортските успеси и резултати.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари и 2.500,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.
За освоени до 2,50 бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.
За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение за 2023/24 година.

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 05.09.2023 година.
Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена**: Еден кандидат може да оствари право само на една стипендија. Кандидатите кои аплицирале - конкурирале за повеќе различни стипендии по објавени огласи (спорт или образование) од Општина Карпош и ги исполнуваат условите за добивање на повеќе од една стипендија, ќе добијат известување од службите во општината и врз основа на сопствен избор ќе се определат за една од стипендиите.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стевчо Јакимовски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk, gradonacalnik@karpos.gov.mk*